METEOR

**Прво дигитално професионално фото и видео студио**

До
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ
„БЛАЖЕ КОНЕСКИ” - Скопје
Скопје

# ПОНУДА

**за фотографирање на апсолвенти 2023/2024 г.**

Дигитално фото студио “**МЕТЕОР**“ ја поседува најквалитетната машина за изработка на фотографии на овие простори, а при изработка на фотографиите користи оригинални фото материјали со најдобар квалитет. Вработените поседуваат високо квалификувани профили на образование соодветни за изработка на добра и квалитетна дигитална фотографија и како такво студио сме единствени и уникатни на овие простори. Први и единствени, со најдобар квалитет, информатичко искуство и професионализам кои прават Вашите незаборавни моменти да траат **ВЕЧНО**.

Дигиталното фото студио **МЕТЕОР** за изработка на фотографии и табло Ви нуди:

- **4** колор фотографии со формат **(6x9)** изработени во **ДИГИТАЛНА** техника со користење на филмски студиски светла, кои со својата суптилност знаат да делуваат силно во нашиот свет исполнет со многу боја.
- **8** колор фотографии со формат **(4x6)** компјутерски обработени со специјален дизајн, кои изгледаат одлично, изработени на специјално набавени позадини за оваа пригода.
- **20** колор фотографии со формат **(3x4)**.
- **1** колор фотографија со формат **(13x18)** портрет.
- **1** колор фотографија со формат **(20x30)** портрет.
- **1** Минитабло (дигитална репродукција на големото табло) со формат **(30x45)** за секого од апсолвентите.

**ВКУПНО 35 ФОТОГРАФИИ, ЕДНО МИНИ ТАБЛО ЗА СЕКОГО, ОСВЕН ТОА ДОБИВАТЕ И**

- **Снимање на Вашата апсолвентска вечер (доколку истата се одржи)** и за секој апсолвент ќе има споделено линк за симнување на целиот видео материјал.
- **Големо изложбено табло** кое ќе биде поставено на атрактивна локација во центарот на градот (Градски трговски центар – ГТЦ, Ramstore Mall Центар или City Mall).

Цената на комплетниот аранжман изнесува **1200** денари.

во цената е пресметан ДДВ од 18%.)

- Избраната апсолвентска фотографија ќе биде поставена на специјално изработена *FB* страна со следнава актуелна адреса **METEOR DIGITAL** од каде ќе можете да ја симнете во оригинална големина.

ул.“Св. Кирил и Методиј” бр.20, (во зградата на Аутомакедонија), спроти Старата железничка станица
тел. 02/ 32 23 299   мобител. 070/238-511   Лице за контакт: Игор
e-mail: meteordigital@yahoo.com

- Сите фотографии од фотографирањето ќе ви бидат испратени на вашата mail адреса, со цел да си изберете фотографија од дома и да ја испратите на нашата mail адреса meteordigital@yahoo.com .
- Во целиот пакет е вклучено фотографирањето со капа и диплома.

Високо квалитетниот дизајн и идејното техничко решение на Вашето изложбено табло ќе го направиме по Ваша желба со меѓусебна соработка.

Фотографирањето за сите професори ќе биде бесплатно. За секој професор следува по еден комплет фотографии.

Дигиталното фото студио **МЕТЕОР** се обрзува дека професионално ќе го изврши фотографирањето и снимањето на апсолвентите во своето студио како и за време на апсолвентската вечер во зависност од протоколот и организацијата.

Вашите апсолвентски фотографии се изработуваат на едноставна и ненаметлива позадина, специјално набавена за оваа пригода која совршено го истакнува Вашиот лик, откривајќи ја вистинската личност и прави фотографијата да зборува сама за себе. Ве фотографираме повеќе пати многу спонтано се додека Вие не потврдите дека фотографијата што сме ја направиле е совршена и одговара на Вашиот природен изглед. Изборот на Вашата фотографијата го правите Вие самите на **LCD**-монитор со наша ненаметлива консултација и поддршка. За дополнителна целосна дообработка е задолжен нашиот тим на професионалци кои Вашиот избор ќе направат да биде совршен резултат имплементиран на фотографска хартија.

За видео материјалот се задолжени лица, вистински професионалци во својата професија. Снимањето на материјалот се врши со професионални дигитални видео камери опремени со ***High Definition*** резолуции **(1920x1080)** за разлика од сите други кои користат ***Standard Definition*** **(720x576)**. Обработката се врши на професионални единици за монтажа т.е. целокупниот материјал од Вашата апсолвентска вечер ќе биде спакуван на најсовремен начин и одличен квалитет.

Основачи на ова студио се млади, искусни, динамични фотографи, кои досега на различни начини биле вклучени во различни проекти и соработувале со квалитетни компании, основни и средни училишта, факултети и фирми: СУГС "Георги Димитров", СУГС Гимназија "Никола Карев", СУГС "Марија Склодовска Кири", Гимназија "НОВА", Медицински факултет, Стоматолошки факултет, Архитектонски факултет, Технолошко-металуршки факултет, Факултет за земјоделски науки и храна, Филолошки факултет, Природно математички факултет, Тутунска банка, Народна банка на Република Македонија, Министерство за надворешни работи, Министерство за одбрана и многу, многу други.

Во изминативе години го задржавме приматот број 1 со изработени над 35 таблоа во текот на една учебна година. Доказ за тоа се нашите клиенти кои останале наши верни корисници.

Вашите фотографии ќе бидат изработени брзо, но прецизно и квалитетно и со поволна цена. Се надеваме дека со оваа Понуда ќе ги задоволиме Вашите барања и потреби и се надеваме на одлична соработка.

Со почит,
***METEOR Digital***

ул."Св. Кирил и Методиј" бр.20, (во зградата на Аутомакедонија), спроти Старата железничка станица
тел. 02/ 32 23 299 мобител. 070/238-511 Лице за контакт: Игор
e-mail: meteordigital@yahoo.com